ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
28-07-2016

Република Македонија
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Снежана Андреевска**
**именуван за подрачјето**
**на Основните судови**
**Скопје 1 и Скопје 2**
**Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11**
**тел.02 2463 026**

**Образец бр.51**

**И.бр.2026/16**

Заменик извршител Игор Антевски во својство на заменик на Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Халк Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на бул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа [redacted] ОДУ.бр[redacted] од [redacted] година на Нотар[redacted], против должникот [redacted] со ЕДБ [redacted] и седиште на ул. [redacted], заложниот должник [redacted] со ЕМБГ [redacted] и живеалиште на ул.,, [redacted],, бр[redacted] и заложниот должник [redacted] со ЕМБС [redacted] и седиште на ул. [redacted] бр[redacted], за спроведување на извршување во вредност од [redacted] ден., на ден [redacted] година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-КП 2376, дел 2, Адреса (улица и куќен број на зграда) Чаир Б.Паровиќ, број на зграда 1, намена на зграда и други објекти А2, влез 01, кат ПР, број 2, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 79 м2, сопственост на заложниот должник [redacted] запишана на имотен лист бр.957680, КО Чаир при АКН на РМ-Центар за катастар на недвижности-Скопје.

Вторатa продажбата ќе се одржи на ден 18.08.2016 година во 11:00 часот во просториите на Извршител Снежана Андреевска на бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на неддвижност (чл.165 од ЗИ), И.бр.2026/16 од 13.06.2016 година на Извршител Снежана Андреевска, а на втората усна јавна продажба по предлог на доверителот истата изнесува **64.452,00 ЕУР** во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на продажбата под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

-Засновaна хипотека од прв ред во корист на заложниот доверител Халк Банка АД Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.210065586400209 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5032010500238.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник НОВА МАКЕДОНИЈА.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

ЗА И З В Р Ш И Т Е Л
Снежана Андреевска
Заменик извршител
Игор Антевски

Д.-на:
- заложен доверител Халк Банка АД Скопје
- заложен должник [redacted]
- Град Скопје-Одделение за наплата на даноци и други јавни давачки
- Министерство за финансии на РМ-Управа за јавни приходи-Регионална дирекција Скопје
- архива на Извршител